**ЗАПИСНИК**
**од педесет и осмата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 26.02.2021 година**

На педесет и осмата седница на Советот на Оштината која се одржа со почеток во 11 часот, присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа:**

**Тони Николов - вработен во Општината, Миле Ангелков- командир на ПС Гевгелија и Сашо Поцков- Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување, претседателот на Совет, Тодор Ристов, ја отвори педесет и осмата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од педесет и седмата седница.

Бидејќи немаше забелешки, Претседателот го стави на гласање записникот од педесет и седмата седница и **Советот едногласно го усвои.**

**Томе Кичуков- член на Совет** се јави процедурално и образложи дека независната листа има поднесено две дополнителни точки и треба да бидат ставени на дневен ред.

**Тодор Ристов- претседател на Совет** одговори дека нема никакво прекршување на процедурата бидејќи треба да се дозволи најпрво да го прочита предложениот Дневен ред и да образложи кои точки се доставени како дополнителни.

За работа на педесет и осмата седница на Совет е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Програма за финансирање на програмите и проектите од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2021 година,
2. Предлог-Програма за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2021 година,
3. Предлог-Програма за финансирање на проекти,манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија за 2021 година,
4. Предлог –Програма за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2021 година,
5. Предлог-Одлука за прием на донација од Германското друштво за интернационална соработа (ГИЗ), ЗЕЛС и „ПАКОМАК“- Скопје,

6. Предлог-Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Гевгелија,

7. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот од извршениот попис на побарувањата и обврските, паричните средства и хартиите од вредност во Општина Гевгелија, состојба на 31.12.2020 година,

8. Предлог-Одлука за ажурирање на проценатa за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности,

9. Предлог-Решение за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија за 2021 година,

10. Предлог-План за запишување ученици во прва година средно образование во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија во 2021/2022 година,

11. Предлог-Решение за усвојување на дополнувањето на финансовиот план – буџет на ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија за 2021 година за сметка 903 (блок-дотации),

12. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Дом на култура „Македонија“ – Гевгелија за 2020 година,

13. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија за 2021 година,

14. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз-Тито“ – Гевгелија за 2020 година,

15. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз-Тито“- Гевгелија за 2021 година,

16. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“ – Гевгелија за 2020 година,

17. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“- Гевгелија за 2021 година,

18. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“– Гевгелија за 2020 година,

19. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија за 2021 година,

20. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност во општина Гевгелија за 2020 година,

21. Информација од РЦ за ГР „ЈУГ“ за состојбата со мигрантите во Привремениот транзитен центар "Винојуг",

22. Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија и состојбата со здравствениот кадар во ЈЗУ во општина Гевгелија,

23.Информација за работењето на АД за водостопанство на РМ – подружница „Јужен Вардар“- Гевгелија.

Точките под реден број 10 Предлог-План за запишување ученици во прва година средно образование во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија во 2021/2022 година и 23. Информација за работењето на АД за водостопанство на РМ – подружница „Јужен Вардар“- Гевгелија се симнати од дневен ред за понатамошна доработка и ќе бидат ставени на разгледување на некоја од наредните седници.

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** образложи дека за оваа седница се доствени две предлог точки од страна на независната листа и тоа: Предлог – Одлука за поставување и отстранување на хоризонтална и вертикална сигнализација на локалните и регионалните патишта во општина Гевгелија; Предлог – Мислење за намерата за спроведување на проектот за складирање и третман на отпад на компанијата Г&О ВАСТЕ СОЛУТИОН ДООЕЛ Скопје во подружницата на улица „Индустриска“ во општина Гевгелија, поранешна Керамика и советниците од независната листа бараат овие точки да се стават на Дневен ред на денешната седница.

„Како Претседател на Совет и оној којшто го предлага дневниот ред, ги зедов предвид предлозите на колегите и вчера на Комисијата за статут и прописи дадов свое видување зошто не ги ставив на дневен ред. Според моето мислење ова барање од страна на советничката група доставено е на еден лист без материјал, по кој ние како Совет би можеле да дискутираме. Меѓутоа тоа и не е основната причина, туку под точката под број еден, согласно надлежностите на Советот на Општина Гевгелија, ние можеме да носиме одлуки, за којшто сме надлежни. Во делот на локалните патишта сме надлежни и затоа на наредната седница ќе има на разгледување Извештај за работата во делот на сообраќајот и сметам дека сите овие забелешки и предлози коишто ги имаат советниците ќе можат да ги образложат на наредната седница. Во делот на регионалните патишта, Советот на Општина Гевгелија не може да носи одлуки бидејќи не е надлежен, меѓутоа ако на наредната седница има укажувања и предлози за регионални патишта, истите ќе бидат препратени до надлежните служби. Во врска со точка два, сметам дека оваа точка е без конкретен материја, па затоа предлагам на наредната седница, којашто ќе биде најдоцна до 15 март, да биде ставена на Дневен ред и за истата во соработка со колегите од независната листа ќе подготвиме материјал и тогаш како Совет ќе можеме да дискутираме и да донесеме одредени заклучоци и истите тие да се препратат до надлежните институции. Од овие причини заради подготовка на материја овие две предлог точки ќе бидат ставени на разгледување на наредната седница."

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** отвори претрес по предложениот дневен ред и за збор се јавија советниците: **Ристо Ѓоргиев, Томе Кичуков, Тодор Ристов, Тихомир Ручкоманов, Ристо Камов, Магдалена Делковска, Андон Сарамандов, Трајко Арџанлиев и Сашо Поцков, градоначалник на Општина Гевгелија.**

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** го стави предлогот на независната листа за дополнување на Дневниот ред со дополнителни две точки и **Советот со 8 гласа за, 10 воздржани и 1 не гласал, не го усвои овој предлог.**

**Ристо Камов, член на Совет,** смета дека е направена грешка во поцедурата при гласањето на точките, па затоа побара поименично гласање од сите советници за двете точки поединечно.

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** одговори дека нема направено прекршок на процедурата бидејќи веќе е завршена постапката на гласање по точките, а истите се поднесени во пакет непоединечно и затоа се ставени на изјаснување како целина.

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање и **Советот со 10 гласа за, 8 против и 1 не гласал, го усвои** и се премина кон расправа по точките.

**Тодор Ристов, претседател на Совет**, предложи како прва точка да се разгледува точката под реден број 22- Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија и состојбата со здравствениот кадар во ЈЗУ во општина Гевгелија и **Советот со 15 гласа за и 3 не гласале,** го усвои овој предлог.

**Точка 22. Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија и состојбата со здравствениот кадар во ЈЗУ во општина Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија и состојбата со здравствениот кадар во ЈЗУ во општина Гевгелија

Во претресот по точката учествуваа: **Митко Крџев- директор на Општа болница, Ристо Камов, Марија Магдинчева Шопова, Анета Стамкова, Магдалена Делковска,Томе Кичуков- членови на Совет.**

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** од технички причини предложи како втора точка да се разгледува точката под реден број 7- Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот од извршениот попис на побарувањата и обврските, паричните средства и хартиите од вредност во Општина Гевгелија состојба на 31.12.2020 година и **Советот едногласно** го усвои овој предлог.

**Точка 7. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот од извршениот попис на побарувањата и обврските, паричните средства и хартиите од вредност во Општина Гевгелија, состојба на 31.12.2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Заклучокот за усвојување на Извештајот од извршениот попис на побарувањата и обврските, паричните средства и хартиите од вредност во Општина Гевгелија, состојба на 31.12.2020 година.

Во претресот по точката учествуваше: **Тони Николов- вработен во Општината.**

По завршувањето на претресот, Претседателот  на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на Извештајот од извршениот попис на побарувањата и обврските, паричните средства и хартиите од вредност во Општина Гевгелија, состојба на 31.12.2020 година и **Советот со 12 гласа за и 3 против го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Програма за финансирање на програмите и проектите од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за финансирање на програмите и проектите од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2021 година

Во претресот по програмата учествуваа: **Анета Стамкова, Тихомир Ручкоманов, Ристо Камов, Лазар Мешков, Томе Кичуков, Тодор Ристов, Елизабета Јаневска - членови на Совет и Сашо Поцков, Градоначалник на општината.**

**Анета Стамкова член  на Совет**- Советничката образложи дека советничката група на ВМРО-ДПМНЕ за оваа програма поднесува четири амандмани и тоа: Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2021 година да биде изменета, односно кај точката со реден број 39, Костадин Динев наместо 10.000 денари, вредносната сума да се замени со 60.000 денари, со тоа што од ставката други активности ќе се одземат 50 000 денари, вториот амандман е од програмата кај точка реден број 25, Дејан Малзарков, наместо 20.000 денари вредноста да се замени со 50 000 денари, со тоа што од ставката други активности ќе се одземат 30 000 денари, третиот амандман е од програмата кај точка реден број 7, Стефан Марковски, наместо 20 000 денари вредноста да се замени со 30.000 денари, со тоа што од ставката други активности ќе се одземат 10.000 денари и четвртиот амандман е од програмата кај точка реден број 14, Пионерски дом –Гевгелија ликовна работилница – М.К. Массетти, наместо 30.000 денари вредноста да се замени со 50.000 денари, со тоа што од ставката други активности ќе се одземат 20.000 денари.

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** го стави на гласање амандманот за измена на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата под реден број 7 и **Советот со  5 гласа за ,10 воздржани и 1 не гласал не го усвои .**

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** го стави на гласање амандманот за измена на Програмата под реден број 14 и **Советот со  5 гласа за 1 против, 10 воздржани,  не го усвои .**

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** го стави на гласање амандманот за измена на програмата под реден број 25 и **Советот со  5 гласа за, 10 воздржани и 1 не гласал, не го усвои .**

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** го стави на гласање амандманот за измена на Програмата под реден број 39 и **Советот со 5 гласа за, 10 воздржани и 1 не гласал, не го усвои.**

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање на програмите и проектите од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 10 гласа за, 2 против, 2 воздржани и 2 не гласале ја усвои.**

**Точка 2. Предлог-Програма за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по програмата учествуваа: **Томе Кичуков, Ристо Камов, Андон Сарамандов, Тодор Ристов, Зоран Лазаровски, Ристо Камов, Тихомир Ручкоманов- членови на Совет и Сашо Поцков, градоначалник на општината.**

**Зоран Лазаровски, член на Совет-** Советникот образложи дека советничката група на ВМРО-ДПМНЕ за оваа програма поднесува четири амандмани и тоа: Програмата за финансирање на спортски активности од интерес на општина Гевгелија за 2021 година да биде изменета, односно на ЗГ Атлетски клуб „7-ми Ноември“ од Гевгелија да му се доделат плус 40.000 денари а истите да бидат обезбедени со одземање на средства од КК „Кожув“, вториот амандман е од Програмата на Планинарски клуб „Двете уши“ од Гевгелија да му се доделат плус 30.000 денари, а истите да бидат обезбедени со одземање на средства од КК „Кожув“, третиот амандман е од Програмата на ЗГ „Мистик денс“ од Гевгелија да му се доделат плус 30.000 денари, а истите да бидат обезбедени со одземање на средства од КК „Кожув“, четвртиот амандман е од Програмата на ракометниот клуб „Ветерани Југ“ од Гевгелија да му се доделат плус 20.000 денари, а истите да бидат обезбедени со одземање на средства од КК „Кожув“.

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** го стави на гласање амандманот на ЗГ Атлетски клуб „7-ми Ноември“ од Гевгелија да му се доделат плус 40.000 денари и **Советот со 5 гласа за, 10 воздржани и 1 не гласал, не го усвои.**

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** го стави на гласање амандманот на Планинарски клуб „Двете уши“ од Гевгелија да му се доделат плус 30.000 денари и **Советот со 5 гласа за, 10 воздржани и 1 не гласал, не го усвои .**

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** го стави на гласање амандманот на ЗГ „Мистик денс“ од Гевгелија да му се доделат плус 30.000 денари и **Советот со 5 гласа за, 10 воздржани и 1 не гласал, не го усвои.**

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** го стави на гласање амандманот на ракометниот клуб „Ветерани Југ“ од Гевгелија да му се доделат плус 20.000 денари и **Советот со 6 гласа за и 10 воздржани не го усвои .**

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање на спортски активности во

општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 10 гласа за, 5 воздржани и 1 не гласал, ја усвои.**

**Точка 3**. **Предлог-Програма за финансирање на проекти,манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по програмата учествуваа: **Ристо Камов, Ристо Ѓоргиев- членови на Совет, Сашо Поцков- градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 12 гласа за, 3 воздржани и 1 не гласал, ја усвои.**

**Точка 4**. **Предлог –Програма за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог – Програмата за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2021 година.

Во претресот по Програмата учествуваше: **Ристо Камов, член на Совет.**

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог – Програмата за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2021 година и **Советот со 10 гласа за, 3 воздржани и 1 не гласал, ја усвои.**

**Точка 5**. **Предлог-Одлука за прием на донација од Германското друштво за интернационална соработа (ГИЗ), ЗЕЛС и „ПАКОМАК“- Скопје.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за прием на донација од Германското друштво за интернационална соработа (ГИЗ), ЗЕЛС и „ПАКОМАК“- Скопје.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за прием на донација од Германското друштво за интернационална соработа (ГИЗ), ЗЕЛС и „ПАКОМАК“- Скопје и **Советот со 14 гласа за ја усвои.**

**Точка 6**. **Предлог-Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Гевгелија.

Во претресот по точката учествуваше: **Ристо Камов, член на Совет.**

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Гевгелија и **Советот со 12 гласа за ја усвои.**

**Точка 8. Предлог-Одлука за ажурирање на процената за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за ажурирање на процената за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности.

Во претресот по точката учествуваа: **Зоран Лазаровски, Ристо Камов, Тодор Ристов- членови на Совет.**

**Ристо Камов, член на Совет-** Даде предлог да се помогне на административниот службеник кој е задолжен за ажурирање на процената за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности од страна на Советот, каде што четири членови од Советот и тоа: Ристо Камов, Зоран Лазаровски, Перо Стојанов и Ристо Ѓоргиев да учествуваат на работен состанок со административниот службеник и секој со својата стручност да допринесе за ажурирање на податоците и подоготовка на таквата одлука.

Во однос на предлогот, Претседателот си зеде обврска да апелира до службите кога ќе се изготвува предлог-верзијата на Одлуката за ажурирање на процената за загрозеноста да се повикат и советниците кои ги напомена советникот Камов и заеднички да учествуваат во изготвувањето на оваа одлука.

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за ажурирање на процената за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности и **Советот со 14 гласа за ја усвои.**

**Точка 9. Предлог-Решение за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на ООУ „Владо Кантарџиев-“ Г евгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија за 2021 година.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија за 2021 година и **Советот со 10 гласа за и 3 против го усвои.**

**Точка 11. Предлог-Решение за усвојување на дополнувањето на финансовиот план – буџет на ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија за 2021 година за сметка 903 (блок-дотации)**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на дополнувањето на Финансовиот план – Буџет на ЈОУДГ „Детска радост“-Г евгелија за 2021 година за сметка 903 (блок-дотации).

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на дополнувањето на Финансовиот план – Буџет на ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија за 2021 година, за сметка 903 (блок-дотации) и **Советот со 10 гласа за, 3 против и 1 не гласал, го усвои.**

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** даде предлог, бидејќи сите институции имат по две точки на Дневен ред, да се разгледуват двете точки заеднички, а да се гласат поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 12. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Дом на култура „Македонија“– Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по двете точки.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Дом на култура „Македонија“ – Гевгелија за 2020 година и **Советот со 9 гласа за, 3 против и 2 не гласале, го увои.**

**Точка 13. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија за 2021 година и **Советот со 9 гласа за, 3 против и 2 не гласале, го увои.**

**Точка 14. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" – Гевгелија за 2020 година**

Претседателот отвори претрес по двете точки.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз-Тито“- Гевгелија за 2020 година и **Советот со 10 гласа за, 3 против и 1 не гласал, го увои.**

**Точка 15. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз-Тито“- Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз-Тито“- Гевгелија за 2021 година и **Советот со 10 гласа за, 3 против и 1 не гласал, го увои.**

**Точка 16. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“ – Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по двете точки.

Во претресот по точката учествуваше:

**Ристо Камов-член на Совет: „**Заради подолгорочно неажурирање на дејноста на оваа институција со позитивните законски прописи, давам апел до Градоначалникот и до општинските служби најсериозно да се посветат и да помогнат на новоименуваниот директор овие законски одредби да се прилагодат на дејноста на оваа институција и како еден поттик, односно помош на сето тоа, јас го ставам во функција и моето укажување при донесувањето на Буџетот за 2021 година, каде што во програмските цели на работа на Општина Гевгелија во делот на капиталните расходи беше предвидено основање на Центар за развој на

човечки ресурси што како проектна задача без зафаќање на пари од Буџетот ќе помогне и на оваа институција, меѓутоа и на сите образовни инстиуции, а секако најмногу ќе помогне во стопанскиот сектор, занаетчиската комора, меѓутоа и сите приватни и физички лица кои се засегнати од дејноста во областа на стручното оспособување, обуката на возрасните и стратегијата на Република Македонија за доживотно учење бидејќи оваа институција е од непроценлива важност, поготово во сегашната ситуација на пандемија и економските последици кои произлегуваат од новонастанатата ситуација. Законското работење на оваа институција ќе биде од огромна важност за општина Гевгелија и граѓаните и стопанските субјекти кои се наоѓаат во неа.“

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“ – Гевгелија за 2020 година и **Советот со 10 гласа за, 3 против и 1 не гласал, го усвои.**

**Точка 17. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“- Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“- Гевгелија за 2021 година и **Советот со 10 гласа за, 3 против и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 18. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ – Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по двете точки.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ – Гевгелија за 2020 година и **Советот со 11 гласа за и 3 против го усвои.**

**Точка 19. Предлог-Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија за 2021 година и **Советот со 11 гласа за и 3 против го усвои.**

**Точка 20. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност во општина Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Заклучокот за усвојување на Извештајот за јавната безбедност во општина Гевгелија за 2020 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Миле Ангелков- командир на ПС Гевгелија, Ристо Камов, член на Совет.**

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на Извештајот за јавната безбедност во општина Гевгелија за 2020 година и **Советот со 11 гласа за, 1 воздржан и 2 не гласале, го усвои.**

**Точка 21. Информација од РЦ за ГР „ЈУГ“ за состојбата со мигрантите во Привремениот транзитен центар „Винојуг“.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата од РЦ за ГР „ЈУГ“ за состојбата со мигрантите во Привремениот транзитен центар „Винојуг“.

Во претресот по оваа информација никој не се јави за збор.

Бидејки дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Совет ја затвори педесет и осмата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија,**
**Тодор Ристов**
**с.р.**